**20242243926**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за градење,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2024 година.

Бр. 08-5159/1
29 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ**

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23 и 115/23), во членот 10 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Член 2

Во член 13-б во ставот (11) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 3

Во член 36 став (1) во алинејата 6 зборовите: „Државниот инспекторат за техничка инспекција“ се заменуваат со зборовите: „Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 4

Во член 39-а во ставот (2) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 5

Во член 58 во ставот (3) зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 6

Во член 65 во ставот (1) зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“, а зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во ставот (2) зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“, а зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 7

Во член 74 во ставот (2) зборовите: „Министерството за економија и решението го издава Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд и решението го издава Министерството за економија и труд“.

Во ставот (5) зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“, а зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 8

Во член 87 во ставот (7) зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“, а зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 9

Во член 90-а зборовите: „Државниот инспекторат за техничка инспекција“ се заменуваат со зборовите: „Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 10

Во членот 128-а по зборот „урбанизам” се додаваат зборовите: „е орган во состав на Министерството за транспорт и“.

Член 11

Во член 131-а зборовите: „Државниот инспекторат за техничка инспекција“ се заменуваат со зборовите: „Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.